**Архивски број: 08-429/8**
**Датум: 02-12-2025 година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) и став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–429/1 од 14.05.2025 година, поднесена од страна на -----, со адреса на живеење на -----, Демир Капија против ЈЗУ ----- Демир Капија и -----, в.д. директор на ЈЗУ ----- Демир Капија, за сторена дискриминација врз основа на личен или општествен статус и друга основа, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на личен или општествен статус и друга основа, во областа на работата и работните односи од страна на ЈЗУ ----- Демир Капија и -----, в.д. директор на ЈЗУ ----- Демир Капија кон ----- од Демир Капија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на лицето ----- од Демир Капија на ден 15.05.2025 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на личен или општествен статус и друга основа, во областа на работата и работните односи сторена од страна на ЈЗУ ----- Демир Капија и -----, в.д. директор на ЈЗУ ----- Демир Капија, заверена со бр. 08-429/1. Истата доуредена со Доуредување на 13.06.2025 година, заверено со бр. 08-429 /3, по барање на Комисијата со бр. 08-429/2 од 29.05.2025 година.

Во претставката и во нејзиното доуредување, подносителката наведува дека е во работен однос во ЈЗУ ----- Демир Капија, распоредена на работно место ----- на неопределено работно време, а со писмено задолжение од -----.2025 година, задолжена е работните задачи два дена во неделата да ги извршува надвор од објектите на установата, и тоа во понеделник во 8 станбени единици во ----- и -----, а во петок во 4 станбени единици во ----- и во 1 станбена единица во -----. Наведува дека при вршење на задолжените работни задачи со неа не патуваат и ----- и друга -----, и дека не и е обезбеден превоз за да ги спроведува посетите во станбените единици од ----- до ----- (5 километри), од ----- до останатите станбени единици во -----, ниту пак потенцијалниот дискриминатор и организира надомест за трошоците за превоз, што ја доведува до дополнителен финансиски и физички товар, кој не е наметнат кај други вработени. Понатаму во претставката наведува дека постојаниот притисок од претпоставениот за да се откаже од работната позиција ----- со образложение за наводна непрофесионалност, нестручност итн., и создава чувство на притисок и дискриминација по основа на работна позиција. Наведува и дека подолг период како ----- е предмет на омаловажување и навредување на работното место, преку

организирање на состаноци на кои таа е единствена тема на дневен ред, на кои таа не е присутна, што смета дека претставува и форма на дискриминација и психосоцијален притисок (мобинг).

Како прилог кон претставката, подносителката доставува:

- Извадок од Правилник за систематизација на работни места во ЈЗУ ----- Демир Капија – -----;
- Писмено задолжение бр. ----- од -----.2025 година на ЈЗУ ----- Демир Капија (во копија);
- Приговор по однос на писменото образложение со бр. ----- од -----.2025 година од -----.2025 година од подносителката адресирано до Управниот одбор на ЈЗУ ----- Демир Капија;

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата достави Барање за произнесување по наводите од претставката и доуредувањето заверено со бр. 08-429/4 од 09.07.2025 година до ЈЗУ ----- Демир Капија и в.д. директорката, а со Барање за дополнителни информации бр. 08-429/6 од 04.09.2025 година Комисијата повторно се обрати до потенцијалниот дискриминатор.

Во произнесувањето од потенцијалниот дискриминатор, во Комисијата заверено со бр. 08-08-429/5 од 31.07.2025 година година, како и во Одговорот на барањето за дополнителни информации, во Комисијата заверено со бр. 08-429/7 од 19.09.2025 година, се наведува дека со новата систематизација од 2023 година сите работни места се мобилни, а во врска со превозот, наведуваат дека многу од вработените секојдневно патуваат на сопствен трошок, затоа што Министерството за социјална политика, демографија и млади не надоместува трошоци за превоз на вработените. Потенцијалниот дискриминатор наведува дека за вработените од Демир Капија, обезбедува, односно врши превоз со комбе, а и подносителката спаѓа во таа група на вработени, кои можат да го користат обезбедениот превоз. Потенцијалниот дискриминатор наведува дека за проблемот со неисплатување на патни трошоци, како установа се обратиле до Народниот правобранител да во рамки на своите надлежности преземе мерки за заштита на уставните и законските права на граѓаните, да преземе мерки за сите вработени во ЈЗУ Специјален завод Демир Капија кои патуваат на сопствен трошок. Во Одговорот на Барањето за дополнителни информации, потенцијалниот дискриминатор наведува дека согласно расположливите возила, кои се постари и се ставени на располагање за потребите на корисниците на услугите, сепак се организира превоз во еден правец во 07,00 часот и во 18,00 часот, но и дека голем дел од вработените бидејќи порано им завршува смената не го чекаат обезбедениот превоз, туку самостојно се организираат. Во таа група на вработени наведуваат дека е и подносителката. Во прилог кон Одговорот на Барањето за дополнителни информации потенцијалниот дискриминатор доставува во копија и сообраќајни дозволи од возилата со кои располагаат. Станува збор за две возила.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

* * *

Земајќи ги во предвид сите наводи и докази изнесени во претставката на подносителот и доуредувањето, како и содржината на произнесувањето на потенцијалните дискриминатори, Комисијата ценеше дека врз основа на личен или општествен статус и друга основа во областа на работата и работните односи од страна на потенцијалните дискриминатори кон лицето ----- не се сторени дејствија кои претставуваат дискриминација, во смисла на одредбата од членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со која се утврдува дефиницијата на дискриминација, и тоа: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*.

Имено, во Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа ----- Демир Капија бр. ----- од -----.2023 година, поточно во извадокот за работно место број ----- со шифра ----- – -----, кој е доставен како прилог од страна на потенцијалниот дискриминатор, како и што наведуваат во образложението на произнесувањето, Комисијата констатира дека во делот „Работни задачи и обврски“ алинеја (9) е уредена мобилноста на вработените, во случајот на вработените распоредени на работно место -----. Предметната алинеја гласи: *„Мобилен е, работните обврски ги врши надвор од објектите на установата каде што се сместени корисници на услуги, одговорен е за квалитетно и навремено извршување на работите во службата, согласно законските прописи и одредби.“* Па така, во смисла на напреднаведеното, во корелација со алинејата (9) од работните задачи и обврски за работното место -----, задолжувањето со конкретен распоред за вршење на работните задачи во точно определени објекти на установата каде што се сместени корисниците на услугите на -----, не претставува доделување на дополнителни задачи.

Што се однесува пак до обезбедувањето на превозот заради вршење на работните задачи, односно обезбедување на превоз помеѓу објектите на -----, потенцијалниот дискриминатор не врши дејствија на разликување меѓу вработените, туку согласно расположливите средства, две постари возила кои се користат за потребите на корисниците на услугите на -----, бидејќи од страна на надлежното Министерство за социјална политика, демографија и млади не се обезбедени финансиски средства за патни трошоци на вработените, два пати во текот на денот организираат превоз за вработените, но користењето на истиот е избор на самиот вработен.

Согласно се погоре наведено, Комисијата се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

**Скопје,**
**01.12.2025 година**

**Комисија за спречување и заштита**
**од дискриминација**
**Претседател**
**Душан Томшиќ**

**Доставено до:**

- -----;
- ЈЗУ ----- Демир Капија;
- Архива на Комисијата;


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk